Република Северна Македонија
Јавно претпријатие за државни патишта

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ndërmarrja Publike për Rrugë Shtetërore

Бр/Nr. 04-95/10
Скопје/Shkup________година/viti
21-01-2025

Врз основа на 27 од Статутот на Јавното претпријатие за државни патишта и член 13 од Правилникот за начинот на унапредување на давателите на јавни услуги во Јавното претпријатие за државни патишта, формата и содржината на интерниот оглас бр.02-4105/14 од 02.04.2018 година и бр. 02-5377/6 од 09.05.2018 година, ВД Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта, донесе

Одлука
за извршен избор на кандидат по Интерен оглас бр.2/2024
за пополнување на работно место со унапредување на давателите на јавни услуги во Јавното претпријатие за државни патишта, за работно место под реден број 4 Контролор за мобилна контрола со шифра КДР0305Б03131 – 2 (два) извршители

I. За пополнување на работно место со унапредување на давателите на јавни услуги во Јавното претпријатие за државни патишта, по објавениот Интерен оглас бр.2/2024, за работно место под реден број 4 Контролор за мобилна контрола со шифра КДР0305Б03131 во Одделението за наплата на патарина и контрола, во Секторот за одржување, заштита на патишта и наплата на патарина –2 (два) извршители, избрани се следните кандидати:

1. Томислав Богдановски
2. Перица Филиповски

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Образложение

Комисија за селекција во постапка за унапредување на даватели на јавни услуги за Интерен оглас број 2/ 2024 формирана со Решение бр.04-13876/3 од 18.12.2024, по објавениот интерен оглас број 2/2024 за пополнување на работно место со унапредување на давателите на јавни услуги во Јавното претпријатие за државни патишта, бр. 04-13876/2 од 18.12.2024 година, спроведе постапка во согласност со Законот за јавните претпријатија и Правилникот за начинот на унапредување на давателите на јавни услуги во Јавното претпријатие за државни патишта, формата и содржината на интерниот оглас бр.02-4105/14 од 02.04.2018 година и бр. 02-5377/6 од 09.05.2018 година.

Според пристигнатите пријави на кандидатите за пополнување на работното место со унапредување, под реден број 4 Контролор за мобилна контрола со шифра КДР0305Б03131 во Одделението за наплата на патарина и контрола, во Секторот за одржување, заштита на патишта и наплата на патарина –2 (два) извршители, Комисијата до ВД Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта, достави Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираните кандидати.

Врз основа на наведеното, ВД Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Упатство за правно средство:**Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба преку Јавното претпријатие за државни патишта до Управниот одбор на Јавното претпријатие за државни патишта во рок од 8 дена од денот на нејзиното објавување на интернет страната и на огласната табла на Јавното претпријатие.

В.Д.ДИРЕКТОР

Коце Трајановски

Изработил: Биљана Цветковиќ
Контролирал: Ванчо Милевски
Одобрил:Сузана Атанасова
Зоран Велков

Доставено до:

-Избраните кандидати
- Одделение за човечки ресурси
- Архива

Република Северна Македонија
Јавно претпријатие за државни патишта
Republika e Maqedonisë së Veriut
Ndërmarrja Publike për Rrugë Shtetërore

ул.Даме Груев бр.14, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
rr. "Dame Gruev" nr.14
Republika e Maqedonisë së Veriut

Тел/Tel:02 3118-044,
Факс/Fax 02 3220-535; 02/3116-385
e-mail: contact@roads.org.mk
Web: www.roads.org.mk